АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
УП1 Бр. 02-39
11.08.2023 год
СКОПЈЕ

Агенцијата за пошти Скопје, врз основа на член 50 став (3) од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021 и 227/2022) во предметот на АД Пошта на Северна Македонија Скопје – во државна сопственост Скопје застапувана од генералната директорка Бујаре Абази, за промена на цени на поштенски услуги од опсегот на универзалната услуга, на 11.08.2023 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

I. СЕ УВАЖУВА барањето за промена на цените за поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај кои АД за поштенски сообраќај ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост – Скопје ги обезбедува во опсегот на универзалната услуга.

II. За поштенските услуги во меѓународниот поштенски сообраќај за писмо, поштенска картичка, печатени работи и мал пакет во меѓународниот поштенски сообраќај по тежински стапки и по зони СЕ ОДОБРУВААТ следните цени за основни, посебни, дополнителни и други услуги поврзани со основните:

II.1. Цени за основни услуги по маса (тежина) и зони, кои по друг закон се ослободени од ДДВ:

| | А.ПИСМОНОСНИ ПРАТКИ | Цена во денари |
|---|---|---|
| 1.1. | **Писмо** | |
| 1.1.1. | **Стандардизирано писмо** | 42,00 |
| 1.1.2. | **Нестандардизирано писмо** | |
| | I Зона - Соседни земји | |
| | До 20 гр. | 42,00 |
| | Над 20 гр. - 100 гр. | 105,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 210,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 300,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 575,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.115,00 |

Агенција за пошти
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

| | | |
|---|---|---|
| | II Зона - Европа* | |
| | До 20 гр. | 42,00 |
| | Над 20 гр. - 100 гр. | 105,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 210,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 300,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 575,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.115,00 |
| | | |
| | III Зона - Останати Европски земји | |
| | До 20 гр. | 45,00 |
| | Над 20 гр. - 100 гр. | 120,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 245,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 340,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 655,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.285,00 |
| | | |
| | IV Зона - Австралија и Нов Зеланд | |
| | До 20 гр. | 45,00 |
| | Над 20 гр. - 100 гр. | 120,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 245,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 340,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 655,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.285,00 |
| | | |
| | V Зона - Останати земји од светот | |
| | До 20 гр. | 45,00 |
| | Над 20 гр. - 100 гр. | 120,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 245,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 340,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 655,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.285,00 |
| | | |
| 1.2. | Поштенска картичка | |
| 1.2.1. | Стандадизирана поштенска картичка | 42,00 |
| 1.2.2. | Нестандардизирана поштенска картичка | 42,00 |
| | | |
| 1.3. | Печатени работи | |
| 1.3.1. | Печатени работи, книги, весници, списанија и останати печатени работи | |


Агенција за пошти
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

| | | |
|---|---|---|
| | I Зона - Соседни земји | |
| | До 20 гр. | 37,00 |
| | Над 20 гр. - 100 гр. | 70,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 150,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 295,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 568,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.112,00 |
| | | |
| | II Зона –Европа * | |
| | До 20 гр. | 37,00 |
| | Над 20 гр. - 100 гр. | 70,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 150,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 295,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 568,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.112,00 |
| | | |
| | III Зона - Останати Европски земји | |
| | До 20 гр. | 39,00 |
| | Над 20 гр. - 100 гр. | 75,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 170,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 333,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 645,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.265,00 |
| | | |
| | IV Зона - Австралија и Нов Зеланд | |
| | До 20 гр. | 39,00 |
| | Над 20 гр. - 100 гр. | 75,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 170,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 333,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 645,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.265,00 |
| | | |
| | V Зона - Останати земји од светот | |
| | До 20 гр. | 39,00 |
| | Над 20 гр. - 100 гр. | 75,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 170,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 333,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 645,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.265,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.5. | **Мали пакети** | |
| | I Зона - Соседни земји | |
| | До 100 гр. | 105,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 210,00 |
| | Над 250гр. - 500 гр. | 300,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 575,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.115,00 |
| | | |
| | II Зона –Европа * | |
| | До 100 гр. | 105,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 210,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 300,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 575,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.115,00 |
| | | |
| | III Зона - Останати Европски земји | |
| | До 100 гр. | 120,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 245,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 340,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 655,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.285,00 |
| | | |
| | IV Зона - Австралија и Нов Зеланд | |
| | До 100 гр. | 120,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 245,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 340,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 655,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.285,00 |
| | | |
| | V Зона - Останати земји од светот | |
| | До 100 гр. | 120,00 |
| | Над 100 гр. - 250 гр. | 245,00 |
| | Над 250 гр. - 500 гр. | 340,00 |
| | Над 500 гр. - 1000 гр. | 655,00 |
| | Над 1000 гр. - 2000 гр. | 1.285,00 |
| 1.6. | **Секограми** | |
| | Под секограми се подразбираат сите видови печатени работи за слепи кои се предаваат отворени и се ослободени од плаќање на сите меѓународни поштенски услуги, освен дополнителна цена за авионски превоз (дозволена тежина до 7 кг.) | 0,00 |

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

Агенција за пошти
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

II.2. Цени за посебни, дополнителни и други услуги поврзани со основните, кои по друг закон се ослободени од ДДВ.

II.2.1. За поштенската услуга писмо со означена вредност СЕ ОДОБРУВА цена за ракување од 169,00 денари, која се наплатува како дополнителна цена и се додава на цената за основната услуга за писмо по тежина.
Цената по вредност која се наплатува како дополнителна цена и се додава на цената за основната услуга за писмо по тежина и тоа за секои 65 ДТС или дел од 65 ДТС од означената вредност на писмото останува иста 27,00 денари.

| 1.7. | **Писмо со означена вредност** | Цена во денари |
|---|---|---|
| | Цената за писмото со означена вредност се состои од : | |
| | а) Цена за писмо по маса (тежина) | |
| | б) Цена по вредност –за секои 65 ДТС или дел од 65 ДТС од означената вредност | 27,00 |
| | В) Цена за ракување | 169,00 |

II.2.2. За поштенската услуга препорачано писмо СЕ ОДОБРУВА цена за препорачано ракување од 139,00 денари, која се наплатува како дополнителна цена и се додава на цената за основната услуга за писмо по тежина.

| | | |
|---|---|---|
| 1.10.1. | **Препорачано ракување** | 139.00 |

II.2.3. За авионски превоз кај поштенските услуги за писмо, поштенска картичка, печатени работи, секограми и мал пакет, во IV Зона-Австралија и Нов Заланд и во V Зона -Останати земји во светот СЕ ОДОБРУВА цена од по 6 денари за секои 10 грама тежина на пратката, која се пресметува како дополнителна цена и се додава на цената за основната услуга по вид и тежина.
Цената за авионски превоз за писмо, поштенска картичка, печатени работи, секограми и мал пакет во II Зона –Европа и III Зона-Останати земји од Европа, која како дополнителна се пресметува и се додава на цената за основната услуга по вид и тежина, останува иста 4,00 денари за секои 10 грама тежина на пратката.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.10.** | **Цена за авионски превоз на писмоносни пратки** | | Цена во денари |
| | За авионски превоз на писма, печатени работи, секограми и мали пакети на основната цена по тежина (за соодветната зона) се наплатува дополнителна цена за секои 10 гр. | | |
| | **Зони во ценовникот** | **Предложени зони** | |
| | Единствена Зона - Сите земји во светот | I Зона - Соседни земји | 0,00 |
| | | II Зона - Европа* | 4,00 |
| | | III Зона - Останати земји од Европа | 4,00 |
| | | IV Зона - Австралија и Нов Зеланд | 6,00 |
| | | V Зона - Останати земји од светот | 6,00 |

III. СЕ ОДОБРУВА бришење на постојните цени за поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај кои не се обезбедуваат во опсегот на универзалната услуга и тоа:

III.1. СЕ БРИШЕ цената за услугата за книги со маса (тежина) над 2.000 грама до 5.000 грама и цената за услугата „М“ вреќа, сите од групата на поштенски услуги – печатени работи,книги,весници,списанија и останати печатени работи.

| | | |
|---|---|---|
| | Преку 2000 гр. до 5000 гр., за секои 1000 грама (преку2000 гр. до 5000 гр. може да се испраќаат само книги) | Цената се брише |
| 1.3.3. | Цените на печатените работи адресирани за ист примач и на исто одредиште, а кои се испраќаат во посебна „М“ вреќа се пресметуваат по стапка на тежина од 1 кг. вклучувајчи ја и вкупната тежина на вреќата | Цената се брише |
| | - За секои 1000 гр. | |

Агенција за пошти
Кеј “13-ти Ноември”ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

III.2. СЕ БРИШАТ цените за услугата Аерограми во сите зони .

| 1.4. | **Аерограми** | |
|---|---|---|
| | 1. Аерограми за I и II зона (Европа, С. Африка и Блискиот Исток | Цените се бришат |
| | 2. Аерограми за III и IV зона (Центр. Азија, Центр. Африка и Северна и Средна Америка | |
| | 3. Аерограми за V и VI и VII зона (Останатиот дел од светот) | |

IV.

СЕ ЗАДОЛЖУВА АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА– Скопје да ги објави цените на поштенските услуги одобрени со ова решение во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците е на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик , најдоцна осум дена пред почетокот на примената.

V.

СЕ ЗАДОЛЖУВА АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА– Скопје да изготви пречистен текст на Ценовникот на универзалната поштенска услуга во меѓународниот поштенски сообраќај и да го објави на својата веб страница, најдоцна осум дена пред почетокот на примената.

СЕ ЗАДОЛЖУВА АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА– Скопје Ценовникот од т.V од ова решение, да го објави на видно место во сите простории наменети за корисници на поштенски услуги, а по нивно барање и да го даде на увид, започнувајќи од денот на примената.

VI.

Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за пошти.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

АД за поштенски сообраќај ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост – Скопје (во натамошниот текст: АД Пошта), во својство на давател на универзалната услуга, на 30.06.2023 година до Агенцијата за пошти поднесе барање за зголемување на цените на поштенските услуги од опфатот на универзалната услуга во меѓународниот поштенски сообраќај како и за бришење на цени на одделни услуги кои повеќе

не се дел од универзалната, бр.0202-617/2, со докази. На 26.07.2023 подносителот го прецизира и дополни барањето со докази, пресметки и образложение за трошоците, за пристапноста и за транспарентноста на цените, според укажувањето на Агенцијата за пошти од 18.07.2023 година.

По комплетирање на барањето, Агенцијата за пошти констатира дека АД Пошта бара да се одобрат новите цени утврдени од страна на Управниот одбор на АД Пошта, со Одлука бр.0202-617/1 од 26.06.2023 година, за четири вида на основни услуги во меѓународниот поштенски сообраќај –(појдовни- за писмоносни пратки) за кои утврди дека се задолжителни во опфат на универзалната услуга, согласно член 29 став (2) и став (5) од Законот за поштенските услуги, член 1 став 2 од Правилникот за општите услови за обезбедување на универзалната услуга, и чл.17 став 1, став 2 т.2.1, т.2.2 ,т.2.3 и т.3.1 од Конвенцијата на Светскиот поштенски сојуз.

Во оваа смисла, нови цени се побарани за **писмо** (2 типа : стандардизирано во 1 тежинска стапка во I зона –соседни земји и нестандардизирано во по 6 тежински стапки, за секоја од 5-те зони), за **поштенска картичка** ( 2 типа : стандадизирана и нестандардизирана, еднакви за сите зони, односно без зони), за **печатени работи** ( 1 тип на услуга во по 6 тежински стапки за секоја од 5-те зони), и за **мал пакет** (1 тип на услуга во по 5 тежински стапки, за секоја од 5-те зони).

Со барањето за одобрување е опфатено зголемувањето на цените и за две дополнителни услуги (појдовни) во меѓународен поштенски сообраќај: дополнителни цени за препорачано ракување и ракување со писмо со означена вредност; на цените за авионски превоз на писмоносни пратки, во четири нови зони (со исклучок на првата зона –соседни земји каде нема услуга авионски превоз) и се бара зголемување на цените во две зони -IV и V зона.

Во барањето, се брише цената за услугата за книги со маса (тежина) над 2.000 грама до 5.000 грама и цената за услугата „М" вреќа, сите од групата на поштенски услуги – печатени работи,книги,весници,списанија и останати печатени работи, од причина што истите подносителот ги обезбедува на слободен пазар, односно надвор од опсегот на универзалната услуга во меѓународните поштенски услуги. Се брише и цената за поштенската услуга Аерограм, која повеќе не се обезбедува во опсегот на универзалната услуга во меѓународниот поштенски сообраќај.

Образложениeто на барањето е придружено со табеларни прегледи и пресметки за трошоците за бараните цени, со транспарентна структура на цените по единица услуга за основните услуги, а за цените за дополнителните услуги вклучително и за авионски превоз и со прегледи и докази за зголемените директни трошоци.

Агенцијата за пошти постапувајќи согласно член 50 од Законот за поштенските услуги (во натамошниот текст: Законот), го разгледа барањето од подносителот АД Пошта и ја оцени за основана и оправдана потребата од зголемување на цените за обезбедување на наведените поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај од страна на АД пошта, од следните причини.

**Агенција за пошти**
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

Агенцијата го оцени основан наводот за тоа дека некои од постојните цени на основните и дополнителни услуги во меѓународниот сообраќај, како писмо (стандардизирано до 20 гр. и нестандардизирано во првите 5 тежински стапки ) и поштенска картичка во I и II зона, се во примена повеќе од 20 години, додека цените на останатите услуги за нестандардизирано писмо, печатени работи и мали пакети, препорачано ракување и ракување со писмо со означена вредност не се менувани 6 години од последната измена на цените во јуни 2017 година, како и дека трошоците за нивно обезбедување во меѓувреме се зголемени. Така, само домашната инфлацијата (индексот на потрошувачки цени според Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија) од јули 2017 до јули 2023 година кумулативно изнесува 32,80% а висината на вредноста на меѓународната пресметковна единица ДТС по која се плаќаат терминалните трошоци кон поштите на земјите на одредиштето, во 2023 година во однос на 2017 пораснала за 12,9 % (од 77,00 на 87,00 денари) или за 35,9% во однос на 2010 година кога изнесувала 64,00 денари.

Во постапката пред Агенцијата извршени се проверки и потврдени се: предложените терминални трошоци за плаќање кон одделни странски пошти во соодветните земји во сите пет зони; пресметките на подносителот за просечни ТАВ аеродромски трошоци од 24,79 денари; трошокот за ракување со писмо со означена вредност кој за периодот 2023-2025 година кој изнесува 169 денари; трошокот за препорачано ракување од 139 денари за истиот период; просечниот трошок за авионски превоз на писмоносни пратки од 6,15 денари за земјите од зона -IV, како и фактот дека трошокот за оваа дополнителна услуга за во земјите од V-зона не може прецизно да се определи од причина што пратките најчесто за таму се отпремаат во поскапиот отворен транзит, заради малиот обем на појдовни услуги од државата.

По однос на предложениот т.н. фиксен трошок по единица услуга ( за писмоносни услуги, печатени работи и мали пакети), Агенцијата за пошти утврди дека истиот не е соодветно докажан од страна на подносителот, но и дека може да се претпостави дека истиот е поголем од 22 денари познавајќи ги економските текови во последните години по 2017 година. Под претпоставен непроменет обем на меѓународните услуги од државава кон странство во иднина, Агенцијата оцени дека зголемените цени ќе имаат позитивен финансиски ефект со кој ќе би се покриле трошоците на подносителот за ефикасно обезбедување на односните услуги од опсегот на универзалната услуга.

По однос на исполнување на принципот за пристапност на цените Агенцијата ги ценеше предложените докази со споредбени показатели за цените за истите услуги во Србија, Црна Гора, Албанија, Косово и Хрватска и соодносот на тие цени со просечните плати и бруто домашниот производ, по што утврди дека предложените цени споредбено се меѓу пониските и дека се во рамките на просекот од земјите од опкружувањето вклучени во споредбените прегледи.

Во оценката за исполнување на принципот на транспарентност на цените и недискриминација, Агенцијата за пошти ги зеде во предвид предложените докази а особено предлог-ценовникот, од кој што утврди дека условите се исполнети и дека цените за еднакви услуги се еднакви за сите корисници-испраќачи, независно од географското подрачје во државата.

По однос на бришење на постојните цени за поштенските услуги за книги со маса (тежина) над 2.000 грама до 5.000 грама , за услугата „М" вреќа –пратка за истиот примач на

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS
Агенција за пошти
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

истата адреса со маса до 30 кг., сите од групата на поштенски услуги – печатени работи, книги, весници,списанија и останати печатени работи, како и за Аерограми, Агенцијата ги ценеше наводите дека се работи за услуги кои не се обезбедуваат во опфатот на универзалната услуга како и доказите за тоа, и истите ги оцени за основани и во согласност со прописите.

Законитоста и основаноста на барањето, Агенцијата за пошти ги оценуваше со примена на следните прописи.

Согласно член 29 став (2) од Законот за поштенските услуги, универзалната услуга опфаќа: - прием, пренос, сортирање и дистрибуција на поштенски пратки со тежина до 2 кг, на пакети со тежина до 10 кг, на поштенски пратки за слепи лица и за лица со делумно оштетен вид, како и обезбедување на услуги за препорачани поштенски пратки и пратки со означена вредност, во внатрешниот и во меѓународниот поштенски сообраќај, како што уредено со ставот (5) од истиот член 29.

Членовите од 4 до 23 од Правилникот за општите услови за обезбедување на универзалната услуга („Службен весник на РМ" бр.146/2011) во кој меѓу другото се пропишани видовите на поштенски услуги во опсегот на универзалната услуга, а неговите одредби согласно членот 1 став (2) се применуваат на давателот на универзалната услуга за обезбедување на универзална услуга и во внатрешен и во меѓународен сообраќај, доколку со актите на Светскиот поштенски сојуз не е поинаку уредено.

Конвенцијата на Светскиот поштенски сојуз, усвоена на 26.08.2021 година од страна на Конгресот на СПС во Абиџан.

Согласно член 50 став (1) од Законот за поштенските услуги (ЗПУ), за секоја промена на цените за обезбедување на универзална услуга, давателот на универзална услуга е должен да побара одобрување до Агенцијата, образложено со анализа на трошоци, за да се утврди вистинската потреба од промената на цените, и истото да го докаже согласно ставот (2) од истиот член од ЗПУ.

Според член 50 став (8) од ЗПУ и член 2 и член 4 од Правилникот за методологија за формирање на цени за универзалната поштенска услуга (Службен весник на РМ" бр.38/2009), цените за обезбедување на универзалната услуга треба да бидат пристапни за сите корисници независно од географското подрачје, базирани на трошоците за ефикасно обезбедување на универзална услуга, транспарентни и утврдени на недискриминаторска основа а за еднакви услуги да се еднакви на целата територија на Република Македонија.

Согласно член 50 став (3) од ЗПУ, во постапката по барањето, Агенцијата одлучува со решение во рок од 30 дена од денот на приемот на целосната документација.

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

**Агенција за пошти**
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Согласно членот 50 став (7) и став (5) од од ЗПУ, давателот на универзалната услуга е должен одобрените цени да ги објави во јавните гласила најмалку осум дена пред почетокот на примената, да ги објави на својата веб страница и во деловните простории наменети за корисници, како и да ги стави на корисниците на поштенските услуги на увид, по нивно барање. Одобрените цени за обезбедување на универзалната услуга давателот на универзалната услуга е должен да ги применува од првиот ден од наредниот месец кој следи по месецот во кој се одобрени од Агенцијата, како е пропишано со ставот (6) од истиот член 50 од ЗПУ.

По извршена проверка на наводите и пресметките од Барањето и по оценка на сите докази, Агенцијата за пошти оцени дека зголемувањето на цените за услугите во меѓународниот поштенски сообраќај од АД Пошта е основано и во согласност со барањата од член 50 став (8) од Законот за поштенските услуги, за трошковна ориентираност транспарентност, недискриминација и пристапност како и дека цените се еднакви за сите кортисници на целата територија на државата.

Поради сето напред наведено, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова Решение, а согласно член 50 став (3) и став (8) од Законот за поштенските услуги.

Согласно член 50 став (4) од Законот за поштенските услуги, Решението со кое Агенцијата за пошти одлучува по барањето на давателот на универзалната услуга за промена на цените за обезбедување на универзална услуга е конечно, а незадоволната страна има право да покрене постапка за управен спор пред надлежен суд.

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ**
**Директорка**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Билјана Аврамоска-Ѓореска

**Агенција за пошти**
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS